**ДУШАН ПЕРЧИНКОВ**

# ГРАФИКИ



ГАЛЕРИЈА СЕЛЕКТ

10 - 20.IV.1992год.- Булевар Партизански Одреди 66/а - Скопје Тел.091 / 257 119

# КОН ГРАФИКИТЕ НА ДУШАН ПЕРЧИНКОВ

Кога ги гледам поновите графички листови на Душан Перчинков, првата асоцијација ја врзувам со оригами. Јапонците ја користат оваа техника за обликување на конкретни фигури од хартија. „Оригами" претставите на Перчинков не покажуваат познати фигури. Нацртаните превиткани листови хартија („залепени" за кожата на листот врз која се отиснати), најпросто речено се „графички листови за листот за хартија". Што сакам да кажам? Дали тоа ќе биде „структурна единица од книга од природата (цвеќиња, трева, плажа, море, мов, камен...) сосема е сеедно. Сето тоа е само претекст за расправа околу општите недопирливи светови, останувајќи зацврстен во сржта на медиумот.

Перчинков е во временски простор кога сè почесто се прашува, а потешко дава одговори. Дали е сè без почеток и без крај? Каде е иницијалното? Која е границата меѓу трајното и минливото, меѓу видливото и невидливото? Во потрага по дефинирањето, можно ли е да се открие светот на шифрите или е неминовно опстојувањето во неговите лавиринти? Ваквите размислувања го опседнуваат графичкиот лист на Перчинков. Оттука полето на хартијата е медиум од кој се раѓаат мета-форми, врз кои е испишан мета-текстот (знак) кој создава мета-структури во еден мета-простор, а САМО ЛИКОВНИОТ ФЕНОМЕН Е ВИСТИНИТ. Претставеното превиткано парче хартија–„оригами" или било што(то) има волумен, структура, светлина/сенка, перспектива, валер/растер, динамизам (нешто што се раѓа, расте, се движи), а изведено е со најскржава „материјална" потрошувачка. Тоа-максимално феноменолошки задоволеното-е кота(и) во која се сретнуваат антиномиите отсуство-присуство, исполнетост-испразнетост, отвореност-затвореност, присутност-отсутност... Во таа точка на контактот спротивставеностите не се помируваат, но истовремено не се гризат меѓусебно: се наоѓаат во ниту-ниту состојба–ЕДНОСТАВНО ПОСТОЈАТ.

Еден пример:

Било кој од неговите „оригами" е нова семантика и семиотика на сокриеното (превитканиот дел од листот-непретставеното) и откриеното (претставеното). Која е таа количина на невидливото во превитканата хартија, што згуснувајќи го својот волумен (тело) кон внатре, ослободиле простор за видливото? Шетајќи како низ лавиринт меѓу одвитканите и завитканите делови, колку сме во состојба да ја визуелизираме (за да ја дознаеме) реалната димензија на целосниот лист хартија пред да бил извршен врз него актот на превиткување? Вакви или слични енигми нè пречекуваат во делата на Перчинков, предизвикувајќи возбудливи процеси на разгатнувања, а сè заедно повикува на феноменот на играта, од типот на оние суптилни, сложени и тешки игри: еден вид ДУХОВЕН ОРИГАМИ во кој проблемот не се затвора во одговорот, туку го проширува просторот на прашањата.

Соња Абаџиева

ДУШАН ПЕРЧИНКОВ

Роден 1939 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Белград - 1963 год. на одделот за сликарство. Постдипломски студии за сликарство завршил на истата Академија 1966 год. Од 1972 г. работи како асистент во кабинетот за ликовно образование при Архитектонскиот факултет во Скопје. Од 1980 г. преога на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, каде работи како редовен професор.

Адреса: Булевар Партизански одреди 101/I-9, 91000 Скопје

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1966-Белград, Галерија на Коларчев народен универзитет

1968-Скопје, Салон на Музејот на современа уметност

1970-Скопје, Фоаје на Драмски театар (со С.Шемов)

1975-Скопје, Музеј на современа уметност

1982-Белград, Музеј на современа уметност (Салон-Париска-14)

1984-Скопје, Уметничка галерија

1987-Загреб, Галерија на школска книга

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Во периодот од 1965-92 г. учествувал на многубројни значајни изложби во земјата и странство: Скопје, Белград, Сарајево, Љубљана, Грац, Венеција, Рим, Ковентри, Братфорд, Париз, Берлин, Мелбурн, Ташкент, Шангши (Н.Р.Кина), Софија и др.

НАГРАДИ:

Добитник е на повеке значајни награди за сликарство, графика и цртеж

КАТАЛОГ НА ИЗЛОЖЕНИТЕ ГРАФИКИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| *1.* 8. графики од мапата "Листови I-VIII" | 1985 г. | 25 x 35 | сериграфија |
| 2. 8 графики од мапата "Листови IX-XVI" | 1986 г. | 25 x 35 | сериграфија |
| 3. 6 графики од мапата "Предели $X_1$-$X_6$" | 1989 г. | 35 x 50 | сериграфија |
| 4. Предел - у | 1989 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 5. Предел - $у_1$ | 1989 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 6. Предел - $у_2$ | 1989 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 7. Предел - z | 1990 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 8. Предел - $z_1$ | 1990 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 9. Предел - $z_2$ | 1990 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 10. Предел - $z_3$ | 1990 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 11. Појава на сиво | 1991 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |
| 12. Остаток | 1991 г. | 16,5 x 22,5 | сериграфија |



предел - $у_1$



предел - у

*Алатките што ги употребува уметникот се чинат живи нешта. Машината за печатење во ателјерскиот простор се персонифицира во добар соработник, кој не го напушта овој простор, немушто шепоти, ја одредува и ви дава знак да ја започнете работата во денот, укажува на проблемите, предупредува, влева доверба стоејки во просторот самоуверено. Сите гестови, духовни и физички ги превзема, тие се синхронизираат со движењата што таа ги извршува. Така, заедно учествуватево нешто предодредено, што таа внимателно и прецизно го наговестува. Овој ритуал сврзан за оформувањето на графичкиот лист, во завршниот чин ескалира до свеченост: последната боја го завзела своето место на првиот лист од тиражот, целината е осмислена, започнува неговиот своевиден живот. Понатаму возбудата се обновува при мултиплицираното рагање на секој лист од тиражот. Задоволни излегувате надвор. Овој верен придружувач самоуверено продолжува да шепоти зад Вас: "Ете, гледаш, се е во ред, јас сум тука, чекам."*

Авторот.



*Издавач: галерија „Селект", тираж-300, печат Макпетрол, сепарација Skenpoint*